ТРИФУН КОСТОВСКИ, ГРАДОНАЧАЛНИК НА СКОПЈЕ

# Преку споменици некој си игра со парите на граѓаните

**Александар Македонски е голема историска личност, но ако живееме во тешка ситуација на економски план, мора да ни бидат најважни потребите на граѓаните, а не спомениците, вели градоначалникот**

МАРИЈА ТАСЕВ



Студената војна помеѓу Владата и градоначалникот на Скопје, Трифун Костовски, најверојатно ќе кулминира со поставување споменик на Александар Македонски на скопскиот плоштад Македонија. Градските власти велат дека се сведоци на „чаршиски муабети" оти по Нова година ќе почне поставувањето на темелите на грандиозна фонтана, која ќе ја краси споменик на големиот војсководец. Градоначалникот не се согласува со нетранспарентно работење на Владата и на Општина Центар, како и со одлуката девет милиони евра да се потрошат за споменици.

- Во Градот се повикуваме на Закон. Општината Центар треба да знае дека може да подигне споменик на личност што произлегува од рамките на нивната општина, Градот - за градски херои, а државата за личности битни за националниот идентитет. Но, Општина Центар си зема право да биде поголема од Градот. Градот е надлежен за речното корито на Вардар со сите мостови, магистрални патишта и посебно за плоштадите. Токму тоа се местата на кои Центар планира да постави споменици и не можам да разберам со каква дрскост презема вакви иницијативи - вели Костовски.

Градоначалникот е убеден дека зад идејата за изградба на спомениците е Владата, а Општина Центар само послушно ја спроведува.

- Испраќам сериозна критика до Владата за ваквото подигање споменици, бидејќи Градот треба да биде нивниот партнер со кој ќе ги утврдат приоритетите. Не сум контактирал со Владата на оваа тема. Мојата девиза е транспарентно работење со јасна цел. Јас така го водам Градот, што не е случај со Владата. За жал, сведок сум на муабети дека веднаш по Нова година ќе се монтира споменикот на Александар Македонски во централното зеленило на плоштадот Македонија - вели Костовски.

Се води преписка со Министерството за транспорт за плоштадот, кој уште во 2004 година му е доделен на Градот како концесија за следните 99 години.

- Немам намера да му го отстапам плоштадот на Министерството за транспорт. Цело време зборуваат дека станува збор за изградба на фонтана, а всушност тоа е споменикот на Александар Македонски ставен во вода. Не се откажувам од идејата за референдум за детаљниот урбанистички план „Мал ринг", па граѓаните нека одлучат што е најдобро за нив. Тие 900 квадратни метри на плоштадот Градот треба повторно да ѝ ги врати на Владата за да може таа заедно со општина Центар, според надлежното министерство, да „гради фонтана". Александар Македонски, без сомнение е голема историска личност, но ние живееме во тешка ситуација, особено на економски план, и мора да ни бидат најважни потребите на граѓаните, а не спомениците. Патем, јасни се и пораките од Брисел - немојте да го провоцирате јужниот сосед. Што сакаме да направиме со овој чин? Уште повеќе да провоцираме, да се закопаме тука во својата беда? Александар Македонски има место во историјата и ниедна држава нема право да се нарече негова татковина - вели Костовски.

Тој признава дека бил вџашен кога слушнал оти Општина Центар ќе одвои 9 милиони евра за споменици.

- Буџетот на Градот е 28 милиони евра. А, за споменици во овој мандат Градот не одвои ниту денар. Општина Ѓорче Петров, која според димензии е речиси колку Центар, има буџет од еден милон евра. Ние буџетот го насочивме на капитални инвестиции, кои треба да овозможат побрз проток, подинамично струење и создавање нови димензии за туризмот во Скопје. А за да имаат граѓаните однос кон спомениците мора да поминат време и едукација. На пример, како е можно споменикот на толку почитувана личност како Гоце Делчев да е исчкртан толку многу со графити што не може да се исчисти со ниту едно хемиско средство? Моравме да ги смениме и плочките, а местото ќе го оградиме со цвеќе како што прилега за споменикот на еден револуционер - објаснува градоначалникот.

Кога градот би имал буџет и не би биле во економска криза, Костовски би им посветил споменици на личности што се заслужни за градот, а меѓу нив без сомнение е Јосиф Михајловиќ, креаторот на модерно Скопје.

- Тој направи грандиозни работи за градот. Негова е идејата за хидроелектраната на Матка, тој ги откри изворите Рашче, негова е идејата за новата железничка станица, тој го направил проектот за плоштадот Македонија, Офицерскиот дом и за Судска палата. Тој е човекот што во период од 6-7 години ја поставил основата на модерно Скопје. Бил архитект и успеал од една заостаната касаба да создаде град. Зошто да нема и споменик посветен на Славко Јаневски, академик, професор, писател, поет, скопјанец. Во ниту едно дело што го напишал не го исклучил Скопје. Такви личности современици си го заземаат местото во градот. Зошто да немаме споменик на Тоше Проески на местото каде што илјадници свеќи гореа во негова чест? Тој беше наш современик и наш најголем амбасадор. Него лугето го познаваа и го сакаа. А, јас немам што да поделам со споменикот на Александар Македонски. Од денешен аспект може да му се восхитуваме само како на одличен воен стратег. Но, повеќе би бил среќен кога во нашата историја би имале творци и научници, отколку освојувачи - вели Костовски.

Тој нема податоци дали општина Центар дала 500.000 евра за изработка на идејно решение и макета за споменик на Александар Македонски, но ако е тоа точно, се отвораат многу сомнежи.

- Јас инвестирав во два споменика на Мајка Тереза, кои чинеа по 60.000 евра. Сумата од 9 милиони евра за споменици кај мене буди сомнеж дека тоа се премногу пари и дека некој си игра со парите на граѓаните - вели Костовски.

## Не решил дали ќе се кандидира

Костовски засега не може да каже дали ќе се кандидира за втор градоначалнички мандат.

- Со оглед на состојбите и на лошиот закон за град Скопје, јас постигнав многу. За мојот три и полгодишен мандат направив капитални решенија за сообраќајот во градот. Создадов услови Градот да работи без долгови, со убаво конто на сметката. Има уште многу проекти и замисли кои се предизвик за реализација.

Сè уште не сум решил дали пак ќе се кандидирам - вели Костовски.